**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

Здружение за развој на образованието, спортот и културата АТЛАНТИС ЕСЦ Тетово

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Млад претприемач 1.0 / Young Entrepreneur 1.0

-Развој на претприемачки и бизнис вештини кај младите-

(Име на проектот)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: 02-02-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 19 | 25/1 | / | / |

Тетово, 26. 01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-286/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за развој на образованието, спортот и културата АТЛАНТИС ЕСЦ Тетово |
| Наслов на проектот | **Млад претприемач 1.0 / Young Entrepreneur 1.0** |
| Период на спроведување на проектот | од 01.09.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Борислав Јоргакиевски |
| Проектен менаџер | Пенцо Кимов |
| Телефон и е-пошта за контакт | Тел: 078 400 111 Email:atlantis.esc@gmail.com |
| Цел на проектот | Проектот се однесува кон минимизирање на негативните економски последици од корона кризата преку мотивација на младите од Тетово и регионот да останат во локалните средини и да ја развиваат својата кариера дома, гледајќи ја кризата како дополнителна шанса за стартување сопствени бизниси, за поголема вработливост и личен просперитет. |
| Целна група | 20 млади невработени лица до 29 години од Тетово и регионот |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Полошки регион |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600000 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Кризата со Ковид 19 донесе големо негативно влијание врз целиот социо-економски контекст и во Полошкиот регион. Во регионот се зголемија бројките на невработени лица од една страна а од друга страна постои голем потенцијал за развој на нови бизниси со што ќе се ублажат последиците од кризата. Тетово е град со повеќе унверзитети во кои студираат студенти од целиот регион. Проектот се однесува на организирање на циклус на 3 еднодневни обуки / на 20 млади невработени лица (избрани во соработка со АВРМ) кои преку иновативен пристап ќе се стекнат со основните вештини при водење бизнис. Реализацијата на тренинзите беше со физичко присуство со почитување на мерките за заштита од Ковид 19, како и спроведување на онлајн консултации. Обуката се однесуваше на следните модули:

- Модул 1 Креирање бизнис план
- Модул 2 Развој на креативни и иновативни вештини
- Модул 3: Управување со човечки вештини во пост - ковид периодот
- Модул 4: Дигитален маркетинг, продажни вештини и техники за ефективна Е-комуникација
- Модул 5: Дигитални иновации и Е-бизнис

- Модул 6: Разработка на најатрактивните бизнис-идеи со Lean Canvas

Во соработка со X фактор акцелераторот беа развиени програми за обука за секој модул и менторски програми за да можат учесниците да бидат потпомогнати во текот на целиот процес. Предвидено е и симулација на мотивациски интервјуа со познати претприемачи каде учесниците ќе можат да „вежбаат„ во реален контекст. Беше изработен и прирачник со сите содржини од модулите. Главен фокус на проектот е изработката на дигитална платформа „Млад претприемач 1.0", на која кандидатите можеа интерактивно да учат за претприемништвото и истата ќе остане да се користи и по периодот на завршување на проектот. Проектот е со времетраење од 4 месеци и заврши со настан „Имаш идеја„ на кој учесниците добија соодветни сертификати и имаа можност да ги претставаат своите бизнис идеи пред релевантни фактори. Со овој проект значително се дава можност за експлоатација на веќе донесените мерки од страна на Владата кои промовираат отварање на нови бизниси.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Проектен менаџмент | формирање на проектен тим евалуација и мониторинг, активности за промоција и сл | Септември - Декември | Проектниот координарот и соработникот успешно ги спроведоа планираните активности |
| Отворен повик за учесници на обуки | Креиран е повик со детален опис на проектот | Септември | https://training.e-atlantis.mk/10/index.php/javenpovik/ |
| Избор на 26 кандидати за обука | Пријавени се 26 учесници | Септември | Сите 26 учесници учествуваа во обуките |
| Креирање на платформа за учење „Млад претприемач 1.0" | Од страна на раководниот тим е креиран концептот за платформата за учење „Млад претприемач 1.0", беа дефинирани потребните елементи и содржини за платформата и истата е креирана | Септеври-октомври | платформа за учење „Млад претприемач 1.0" https://training.e-atlantis.mk/ |
| Креирање на прирачник за учесниците на програмата | Изработен е прирачник за предвидените модули за проектот | Септеври-октомври | https://training.e-atlantis.mk/10/index.php/2021/10/30/priracnik/ |
| Избор на консултанти/предавачи/ментори за секој од модулите | Избрани беа предавачи експерти за реализирање на модулите | Октомври | Експертите успешно ги подготвија сите 6 модули |
| Креирање на тренинг програма Млад претприемач 1.0 | 26 учесници учествува во три еднодневни обуки на теми: Обуката ќе се однесува на следните модули: - Модул 1 Креирање бизнис план - Модул 2 Развој на креативни и иновативни вештини - Модул 3: Управување со човечки вештини во пост - ковид периодот - Модул 4: Дигитален маркетинг, продажни вештини и техники за ефективна Е-комуникација - Модул 5: Дигитални иновации и Е-бизнис - Модул 6: Разработка на најатрактивните бизнис-идеи со | Ноември-декември | Одржани три еднодневни обуки кои вклучија 20 млади невработени лица од Полошкиот регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Lean Canvas | | |
| Креирање на менторска програма за генерирање, селекција, избор и разработка на најатрактивна бизнис - идеја со особен фокус на Lean Canvas моделот | Менторирање на учесниците за генерирање на бизнис идеи | Декември | Успешно завршена менторска апрограма за идните млади претприемачи |
| Реализација на онлајн видео мотивациски интервјуа со успешни млади | Снимање мотивациски интервјуа | Декември | Селектирани најуспешните млади и реализирани мотивациски интервјуа |
| Обезбедување правна помош за формирање на идни старт ап бизниси | Правни консултации за креирање на иден сопствен бизнис | Септември-Декември | Успешна соработка со адвокатска канцеларија за правни совети и консултации за идните претприемачи |
| Организирање завршен настан и доделување на сертификати за учесниците | Повикани сите учесници на завршен за доделување на сертификати за завршена обука | Декември | Реачизиран завршниот настан на кој беа претставени најуспешните и доделени сертификатите за сите учесници на обуките |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Имплементација на проектот започна на време, но како резултат на неколкуте бранови на пандемијата од КОВИД 19, многу активности временски беа изместени. Бидејќи идејата е обуките, менторските средби да се реализираат покрај онлајн и со физичко присуство, моравме да чекаме одреден период да се смири ситуацијата за да се реализираат активностите. Дел од тимот поради решенија за изолација од ДСЗИ беа сречени во извршувањето на обврските.
Исто така и изборската кампања влијаше да дел од активностите да се преместат по нивно завршување.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Креирана платформа за учење „Млад претприемач 1.0" | | | https://training.e-atlantis.mk/ |
| Изработка на Прирачник за учесниците во обуката | 26 | 27 | https://training.e-atlantis.mk/10/index.php/2021/10/30/priracnik/ |
| Објава на повик | | | https://training.e-atlantis.mk/10/index.php/javenpovik/ |
| Одржан завршен промотивен настан и доделување на сертификати за учесниците | 26 | | https://training.e-atlantis.mk/ |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Следниве резултати водат кон реалиазација на целите дефинирани со проектот:
Р1: Објавен повик за учество
Р2: Избрани 26 кандидати за обуката
Р3: Креирана платформа за учење „Млад претприемач 1.0"
Р4 Креирана тренинг програма за онлајн обуки
Р5: Изработен прирачник за следење на обуките
Р6: Изработена програма за менторирање
Р7: Избрани консултанти и ментори за потребите на обуката
Р8: Обучени 26 учесници за сите модули од едукативната програма - „Млад претприемач 1.0 со стекнати компетенции за поголема вработливост во периодот на пост Ковид 19.
Р9: Реализирани менторски сесии
Р10: Реализирани мотивациски интервјуа на успешни млади поединци од страна на искусни претприемачи
Р11: Изработени нацрт концепти за минимум 40 бизнис идеи за започнување на сопствен бизнис
Р12: Селектирани 20 најатрактивни бизнис - идеи од секој учесник, кои имаат најголеми шанси да станат профитабилен бизнис
Р13: Реализиран завршен промотивен настан „Имаш идеја?" за презентација на бизнис идеите пред инвеститори, бизнис заедницата, локални и централни власти

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Вработени (вкупно)** | **248000** | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 223200 | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | **24800** | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **12000** | | |
| Транспорт | 12000 | 12000 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | 6000 | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | 6000 | 6000 | Изработка на банер |
| **IV. Канцелариски материјали** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **11200** | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 10400 | 10400 | |
| Банкарски провизии | 800 | 800 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **8000** | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Книговодствени услуги | 8000 | 8000 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **314800** | | |
| Договори за услуги со експерти | 120000 | 120000 | |
| Трошоци за креирање на платформа за учење | 133800 | 133800 | |
| Одржување на платформата за обука | 16000 | 16000 | |
| Трошоци за објава на повикот на медиуми | 800 | 800 | |
| Трошоци за печатење на прирачник | 10000 | 10000 | |
| Трошоци за реализација на мотивациски интервјуа | 16200 | 16200 | |
| Трошоци за обезбедување на правна помош | 18000 | 18000 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600000** | **600000** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други

релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Во прилог на Завршниот Извештај ги доставуваме следниве документи:

1. CD со фотографии, снимени мотивациски интервјуа, прирачник и Ваучери/Изјави
2. Договори
3. Копии од Фактури
4. Копии од изводи од банка
5. Извештаи за реализираните активности
6. Копии од листи на учесници
7. Примерок од Сертификатот
8. Примерок од Ваучер/Изјава за учество
9. Печатена фотографија од доделување на сертификати

Тетово, 26. 01. 2022 год.

(Место) (датум)

Борислав Јоргакиевски

Претседател

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

АТЛАНТИС ЕСЦ

Здружение ... Тетово

(Потпис)